| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Планска програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за гп 1.1 од ДУП дел 1 УБ11 – Крива Паланка и АУП за Г2-Лесна и незагадувачка индустрија ГП 1.1 КП 3774, 3775, 3777, 3778, 3779, 3781, Општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Крива Паланка |

| Податоци за изработувачот планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **„ИН - ПУМА“ Институт за урбанизам, сообраќај и екологија**<br>Маја Зафировска, диа<br>Елена Андреева, диа<br>М-р Катинка Ќосеска, диа |
| Назив на работното место | планери |
| Контакт податоци за лицето | inpuma@t-home.mk |

## Основни податоци за планскиот документ

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. Законска обврска или друга одредба)

**Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23)**
**Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општината Крива Паланка за 2025 година.**

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

**√Да (нов плански документ)**
Не

Доколку се вршат измени на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините на негово изменување?

/

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа

**Да, просторно и урбанистичко планирање**

Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. Член 3, точка 1, алинеја5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да**<br>**Не** √ | | | |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

**Не**

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површинатана областа и нејзиното значење.

**Да**
**0,17 ха**

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

**Со изработка на Планската програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за гп 1.1 од ДУП дел 1 УБ11 – Крива Паланка и АУП за Г2-Лесна и незагадувачка индустрија ГП 1.1 КП 3774, 3775, 3777, 3778, 3779, 3781, Општина Крива Паланка се прави препарцелација на ГП 1.1 (АУП) односно се формираат две градежни парцели со рамковни површини за градби со основна намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија. Во новоформираната парцела покрај основната класа на намена се планира алтернативна намена Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (помали од 10 MW). Заради потребата на парцелата се предвидува трафостаница со намена Е 1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија.**

Предмет на планскиот документ. ( пр. Транспорт, планирање на просторот и сл.)

**Планирање на просторот**

Период за донесување на планскиот документ.

**2025-2029 година**

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

**Предвидено ревидирање на планскиот документ е на 5 години.**

Простор или област опфатени со планскиот документ. ( пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

**Офатени се следниве граници:**
**- на север со Крива Река;**
**- на исток со комплекс Треска и комплекс Карпош**
**- на запад со индивидуални објекти;**
**- на југ со ул. Св. Јоаким Осоговски**

| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| **Да** √<br>**Не** |
| Дали е приложена копија од целите? |
| **Да**<br>**Не**√ |




| **Резиме на влијанијата врз животната средина** | |
|---|---|
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>**Како потенцијални влијанија врз животната средина со реализација на овој плански документ се очекуваат да бидат управувањето со отпад и отпадна вода, влијанија врз амбинтниот воздух и бучава.** | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | **Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; | **Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.** |
| Прекугранична природа на | |

| | |
|---|---|
| влијанијата; | **Нема прекугранично влијание** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултата на несреќи); | **Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина се минимални имајќи предвид дека се работи за простор со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Д2 - Заштитно и сообраќајно зелениело и Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (помали од 10 MW).** |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | **Се работи за мала површина 0,17 ха и реализирањето на истата нема да има влијание врз населението во близина на опфатот.** |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| **Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.** | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>**Донесувањето на планскиот документ нема да предизвика особени промени во областа, бидејќи се работи за за простор со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило и Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (помали од 10 MW).** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | **Општина Крива Паланка според географската диспозиција е сместена во североисточниот дел на РС Македонија, простирајќи се на надморска висина од 450м до 2.252м и е со ридско – планинска стуктура на релјефот. Се одвојуваат три висински зони со различни климатски особености (нископланиска, среднопланинска и високопланинска зона).**<br>**Во предвидениот опфат нема заштитени природни вредности.**<br>**Нема културно наследство во предвидениот опфат.** |
| Надминувањето на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | **Нема гранични вредности.** |
| Интезивна употреба на земјиштето | **На предметниот опфат се предвидуваат следниве класа на намена:**<br><br>**Г2 –** ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА<br>**Д2 –** ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО<br>**Е1.13 –** ПОВРШИНСКИ СОАЛРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ<br>**Е 1.8 –** ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | **Во областа нема заштитено подрачје .** |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>**Со донесување на планскиот документ се создаваат предуслови за развој на локалната економија и зголемување на квалитетот на услуги кон населението.** | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти): | |

**Предвидениот опфат се наоѓа во урбана средина каде доминантна намена претстатвува домување, комерцијална и деловна намена, лесна и незагадувачка индустрија, сервисни услуги, зеленило, инфраструктура. Не се очекува негативно влијание.**

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)
**Имплементацијата на планската содржина ќе допринесе за подобрување на начинот на живеење без да има некои позначајни влијанија врз медиумите од животната средина.**

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да го реши или намали.)
**Еколошките проблеми кои би можеле да настанат како резултат на донесувањето на овој плански документ се следните:**
- **Нарушување на квалитетот на воздухот – во фаза на изградба и оперативна фаза;**
- **Нарушување на квалитетот на почвата – во фаза на изградба и оперативна фаза;**
- **Неправилното управување со отпад – во фаза на изградба и во оперативна фаза;**
- **Зголемена бучава – во фаза на изградба и оперативна фаза;**
- **Влијание врз подземните води – во фаза на изградба и оперативна фаза;**

**Со доследно почитување и спроведување на законската регулатива истите влијанија би биле минимизирани.**

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.
**Овој плански документ е во согласност со Генерален урбанистички план за град Крива Паланка (период 2019 – 2029 година).**

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледувани во други пласнки документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.
**Спроведена е стратегиска оцена за Генерален урбанистички план за град Крива Паланка (период 2019 – 2029 година).**

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).
**За предвидените класи на намени во опфатотот постапка на оцена на влијанието врз животната средина може да се спроведува во делот на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Е 1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (помали од 10 MW) и Е 1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија.**

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавувам дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистините и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник,<br>Сашко Митовски |
| Број: **29-4601/2**<br>Датум: **05.08.2025 година**<br>Место: Крива Паланка | М.П. |